SPARKASSE
Bank

# ИНФОРМАЦИИ ЗА ОБРАБОТКА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ ПРИ КОРИСТЕЊЕ НА ДИГИТАЛНИТЕ КАНАЛИ

Овој документ ги содржи информациите за обработката на личните податоци на физичките лица – корисници на дигитални канали на Шпаркасе Банка АД Скопје, во согласност со Законот за заштита на личните податоци.
Информациите се однесуваат исклучиво на обработките што се вршат преку дигиталните канали и се составен дел на Политиката за приватност на Банката.

Оваа Информација се однесува на обработката на личните податоци при користење на:

- S-bank - апликација за мобилно банкарство и
- NetBanking – веб апликација за електронско банкарство (www.netbanking.mk) и
- Дигитализирани платежни картички

## 1. Основни податоци за контролорот на личните податоци

- Контролор: Шпаркасе Банка АД Скопје
- Седиште: ул. Васил Иљоски бр.14, 1000 Скопје
- e-mail: contact@sparkasse.mk
- Тел.: + 389 2 15 050
- Факс: + 389 2 3200 515
- Веб страница: www.sparkasse.mk

## 2. Цел и правен основ на обработката:

- **Цели:**

Цел на обработката на лични податоци е овозможување безбеден пристап до дигиталните услуги преку автентикација и идентификација на клиентот. Идентификацијата исто така може да се оствари со користење на апликација OneID *(OneID е апликација за електронска идентификација, заведена во регистарот на даватели на доверливи услуги на Министерството за дигитална транформација).*
Пристапот до дигиталните канали на Банката овозможува на клиентот достапност и увид во секое време до својата платежна сметка, вршење на плаќања и трансфери на пари, контрола над своите стретства, како и овозможува пристап до годишните извештаи за надоместоци согласно Закон за платежни услуги и платни системи.

- **Правен основ:**

За различни активности во рамки на дигиталните канали, постојат различни правни основи и тоа:

- преземање на активности на барање на субјектот на личните податоци заради склучување и извршување на договор (член 10 став (1) алинеја 2 од ЗЗЛП);
- изречна согласност, само кога истата е законски потребна (на пр. за маркетинг активности, за добивање на известувања преку S-bank, согласности за доделување на привилегии и сл.).
- за исполнување на законска обврска на контролорот (активности и мерки кои произлегуваат од прописите за платежни услуги и платни системи и прописите за заштита на личните податоци)

**3. Категории на лични податоци:**

Во зависност од функционалностите кои ги користи Корисникот, преку дигиталните канали се обработуваат следните категории на лични податоци:

- име и презиме
- ЕМБГ
- e-mail адреса
- број на контакт телефон
- адреса на живеење
- број на сметка во Банката

Клиентите преку користење на овие електронски канали вршат увид само до наведените лични податоци:

❖ При користење на електронско банкарство преку веб апликација се обработуваат само следните лични податоци:
  - IP address
  - корисничко име

❖ При користење на мобилната аликација се обработуваат само следните лични податоци:
  - Име и презиме
  - кориснично име
  - податоци за мобилните уреди од кои се пристапува

Согласно Законот за платежни услуги и платни системи и подзаконските акти донесени од Народната Банка на РСМ, Банката со цел превенција и детекција на измами, идентификација на малициозен софтвер и заштита на клиентите и нивните уреди од злоупотреби, користи софтверско решение за спречување на измами. Во овој процес се обработуваат само технички податоци (тип на уред, псевдонимизиран идентификатор, IP адреса, безбедносни индикатори).
Анализата е ограничена и селективна, и се врши само ако се детектира ризична или малициозна апликација.

Исто така, мобилната апликација овозможува користење на Fingerprint / Face ID / Touch ID функции. Банката не ги собира, не ги чува и не ги обработува биометриските податоци – истите се обработуваат исклучиво на уредот на клиентот.

❖ **Обработка на лични податоци при користење на дигитализирани платежни картички**

За целите на плаќањето со дигитализирана платежна картичка, Банката ги обработува истите категории на лични податоци како и при плаќање со физичка платежна картичка. Дигитализираната платежна картичка претставува алтернативна форма на користење на физичката платежна картичка.
Со цел да се овозможи користење на услугата за дигитализирани платежни картички, Банката разменува ограничен сет на неопходни лични податоци на сопственикот на платежната картичка со Понудувачите на Дигитални паричници, и тоа исклучиво за целите на дигитализација на картичката, верификација и извршување на платежни трансакции, и по изречно барање и/или јасно потврдено дејствие за дигитализација на платежната картичка на сопственикот на картичката.

Обработката на личните податоци во рамки на користењето на дигитализирани платежни картички се врши врз основа на извршување на договор и преземање активности по барање на клиентот, како и исполнување на законски обврски на Банката.

При користење на дигитализирани платежни картички, платежната картичка на клиентот се претставува во дигитална форма (токен) и се користи преку дигитални паричници на трети страни, инсталирани на уредот на клиентот.
Во рамки на овој процес, Банката, во својство на контролор на лични податоци, врши обработка на личните податоци на клиентите исклучиво за цели поврзани со:

- дигитализација и токенизација на платежните картички;

- идентификација и верификација на клиентот;
- овозможување, авторизација и извршување на платежни трансакции;
- исполнување на законски обврски и примена на мерки за спречување на измами и злоупотреби.

Понудувачите на дигитални паричници претставуваат посебни и независни контролори на лични податоци во однос на обработките што ги вршат преку нивните апликации, платформи и оперативни системи. Банката нема влијание, надзор или контрола врз обработките на личните податоци кои понудувачите ги вршат за сопствени цели, ниту пак е одговорна за нивните политики и практики за заштита на личните податоци.

Банката не прибира, не чува и не обработува:

- биометриски лични податоци на клиентот (како што се отпечаток од прст, препознавање лице или други биометриски идентификатори), при што обработката на ваквите податоци се врши исклучиво на уредот на клиентот;
- податоци поврзани со содржината или начинот на користење на апликациите на понудувачите на дигитални паричници;
- податоци за други платежни картички или услуги што клиентот ги има додадено во дигиталниот паричник, а кои не се издадени од Банката.

Клиентот, пред користење на дигитализираната платежна картичка преку дигитален паричник, треба самостојно да се запознае со условите за користење и информациите за обработка на лични податоци на соодветниот понудувач, кои се применуваат независно од овие Информации и Политиката за приватност на Банката.

**4. Корисници на личните податоци:**

Пристап до податоците имаат овластени вработени во Банката.

Банката нема да сподели податоци за Вас или за на трети лица, освен во случај на:

- Ангажирање на даватели на услуги, ангажирани како обработувачи со кои Банката има склучено Договори за обработка на лични податоци во согласност со Законот за заштита на личните податоци единствено само доколку обезбедуваат гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки (на пример: ИТ услуги);
- Информации во Групацијата на која припаѓа Шпаркасе Банка АД Скопје поради цели за известување на групациско ниво;
- Барање на правосудните или други надлежни државни органи, институции и други субјекти и тела за вршење на нивните надлежности и тоа само во случај ако постои законски основ (на пример: Народна Банка на Република Северна Македонија; Агенција за заштита на личните податоци, Управа за јавни приходи, Управа за финансиско разузнавање, Државна комисија за спречување на корупцијата, нотари, извршители и сл.);

**5. Пренос на лични податоци**

Личните податоци може да се пренесат надвор од територијата на РС Македонија исклучиво во ситуација кога се исполнети законските услови и со соодветни заштитни мерки.
Одредени обработки кои ги вршат Понудувачите на дигитални паричници во својство на независни контролори, поврзани со функционирањето на дигитализираната платежна картичка можат да подразбираат пренос на лични податоци надвор од територијата на РС Македонија, при што таквиот пренос се врши под одговорност на надлежниот контролор.

**6. Колку долго ги чуваме Вашите податоци?**

Банката ги чува личните податоци не подолго од тоа што е потребно за целите поради кои се обработуваат, односно сè додека има договорна обврска со клиентот, Банката има потреба да ги заштити сопствените права пред судските или другите органи и додека постои законска обврска

SPARKASSE Bank

да ги чува податоците. Во зависност од типот на документот / податокот, времетраењето на чувањето на личните податоци е уредено согласно интерените акти на Банката, а во согласност со важечките закони, па така вашето кредитно досие и деловна коренсподенција, согласно Законот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам Банката е должна да ги чува 10 години по извршената трансакција, сметано од последната трансакција. По изминување на овој период, во интерно утврдена постапка Банката ги уништува податоците и документите, вклучително и податоците што се обработуваат од трети страни во име и за сметка на Банката.

**7. Безбедност на податоците**

Шпаркасе Банка применува најсовремени технолошки решенија кои обезбедуваат безбедност на обработката на личните податоци, а со цел Вашите лични податоци да бидат заштитени од неовластена обработка или пак нивно губење, оштетување или уништување.

**8. Кои се Вашите права?**

Согласно Законот за заштита на личните податоци Вие имате право:
- Да бидете информирани за обработката на личните податоци;
- На пристап до личните податоци;
- На исправка и бришење на личните податоци;
- На ограничување на обработката на личните податоци;
- На приговор.

За дополнителни информации или остварување на Вашите права за заштита на личните податоци, можете да го контактирате нашиот Офицер за заштита на личните податоци:

- Ѓорѓи Рајчиноски
- Тел: 023 200 507
- E-mail: **privacy.protection@sparkasse.mk**

**9. Поднесување на барање до Агенцијата за заштита на личните податоци**
Државен орган, кој е надлежен да врши надзор над законитоста на преземените активности при обработката на личните податоци на територијата на Република Северна Македонија, како и заштита на темелните права и слободи на физичките лица во однос на обработката на личните податоци е Агенцијата за заштита на личните податоци – www.azlp.mk.
Доколку сметате дека обработката која ја вршиме на Вашите лични податоци ги прекршува прописите за заштита на личните податоци, можете да поднесете барање до Агенцијата за заштита на личните податоци.

За повеќе информации за обработката на Вашите лични податоци која ја вршиме Ве упатуваме на нашата Политика за приватност на следниот линк https://www.sparkasse.mk/mk/korisni-informacii/politika-za-privatnost.